Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-197/3

Скопје 15.02.2021

**До**

[redacted]

**Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**РЕШЕНИЕ**

**за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација**

Во врска со Вашето барање со акт број 16.1.2-197/2 од 10.02.2021 за пристап до информации од јавен карактер, ви го доставуваме следниот одговор:

Предметната материја е регулирана во Законот за возила („Службен весник РСМ" број 140/08 со измени и дополнувања) и тоа во член 19 „Преправени и поправени возила", во членот 43 „Вградување на одобрени системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема, членот 54 „Евидентирани промени на возилото" и др.

Во членот 11 став 1 алинеа 1 од истиот закон регулирано е дека министерот за економија поблиску ги пропишува техничките барања за одделни категории на возила, нивните системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема, димензиите, вкупните маси и осното оптоварување, како и техничките барања за единечни возила. Од страна на Министерството за економија донесен е „Правилник за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата" („Службен весник на РСМ" бр.21/2010).

Во глава II дел 5 „Уреди за зголемување на безбедноста", во членот 7 став 2 е регулирано дека „Уредите за посредно гледање и нивното вградување во возилата во сообраќајот на патоиштата од категориите M и N, според овој правилник се определени во техничка спецификација за возилата ТСВ 108", што подразбира дека

вградените уреди во возилата треба да ги исполнуваат техничките барања определени во правилникот односно техничката спецификација.
За подетални информации во врска со конкретни случаи поврзани со предметната материја на барањето, потребно е подносителот да се обрати до Министерството за економија во чија надлежност е „Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, истото беше доставено до Одделот за униформирана полиција, Сектор за сообраќајни работи при Бирото за јавна безбедност од каде добивме одговор кој што му го доставуваме на барателот.

**Изработил: Лиза Бендевска**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Тони Ангеловски**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015